РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-392/12

09-09-2025 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 22-та седница одржана на 27.08.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-392/1 од 24.01.2025 година, оформен по доставена пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконски спроведена постапка за вработување по јавен оглас во ОУРЦ „---------- ------------" Битола објавен на 31.12.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за предметниот случај е постапено од друг надлежен орган.

Предметот со број 12-392/1 од 24.01.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 24.01.2025 година, доставена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконски спроведена постапка за вработување по јавен оглас во ОУРЦ „--------- ----------" Битола, и оформен е предмет број 12-392/1 од 24.01.2025 година. Во пријавата се укажува за незаконски дејствија преземени од страна на директорот на ОУРЦ „---------- ----------" Битола поради не постапување по Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта и Законот за работни односи при спроведување на постапка за вработување по јавен оглас број ------------ од 31.12.2024 година.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК се обрати до Државниот просветен инспекторат на РСМ и Државниот инспекторат за труд на РСМ и побара истите да постапат во рамките на своите законски надлежности и да спроведат надзор по однос на предметните наводи, како и да достават Записник/ Извештај од истиот со известување за евентуално дополнително преземени мерки од нивна надлежност.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Дополнително, по спроведувањето на вонредните инспекциски надзори, ДКСК побара информација од Државниот просветен инспекторат и Државниот управен инскекторат на РСМ за тоа дали ВД Директорот на ОУРЦ „-----------------“ Битола ----------- ------------ има постапено по однос на изречената инспекциска мерка под реден број во Решението со број -------------- од 07.02.2025 година на Државниот просветен инспекторат

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Државниот инспекторат за труд, постапил и во рамките на своите законски надлежности во предметното училиште извршил вонреден инспекциски надзор на 24.01.2025 година, постапувајќи по добиени барања од физичко лице, при кој констатирале дека од страна директорот на ОУРЦ „--------- -----------“ Битола бил распишан јавен оглас број ---------- за вработување на наставник по физичко и здравствено објавен на 31.12.2024 година. За реализација на предметното вработување претходно била обезбедена согласност од Министерството за образование и наука со број ------------ од 15.11.2024 година. При надзорот е утврдено дека предметната постапка за вработување била реализирана согласно Законот за наставници и стручни соработници, по што предметот бил дотставен на Државниот просветен инспекторат, како надлежен орган за вршење надзор по овие постапки за вработување.

Државниот управен инспекторат, постапил по барањето на ДКСК и констатирал дека по пријавените наводи бил изготвен акт - Решение од страна на Државниот просветен инспекторат, а извршувањето односно постапувањето или непостапувањето по истото од страна на субјектот на инспекцискиот надзор го утврдува инспекторот од Државниот просветен инспекторат кој претходно го спровел вонредниот надзор за конкретниот број на предмет. Оттаму, предметот го доставил на надлежно постапување на Државниот просветен инспекторат.

Државниот просветен инспекторат на РСМ, известува дека на 06.02.2025 година бил извршен вондреден инспекциски надзор на ОУРЦ „------- -----------“ Битола по однос на наводите од пријавата при што од страна на државниот просветен инспектор констатирана е повреда на членот 4 став 9 и член 2 од Законот за наставници и стручни соработници. За утврдената фактичка состојба и констатираните неправилности во работењето на субјектот на надзор, била изречена мерка „Опомена“ на ОУРЦ „---------- -----------“ Битола со рок за извршување на изречената инспекциска мерка за отстранување на неправилностите и незаконитостите во работењето на училиштето. Со инспекциската мерка е побарано да се поништи одлуката за избор на наставник и да се донесе нова одлука со која ќе се избере друг кандидат односно, кандидат кој требало да биде избран согласно Законот за наставници и стручни соработници.

На 04.03.2025 година, извршен бил контролен инспекциски надзор врз работењето на училиштето во однос на отстранување на констатираните неправилности. При вршењето на надзорот, а врз основа на документацијата на училиштето, како и од спроведените разговори со претставникот на предметното училиште и присутната на надзорот бил изготвен Записник број ------------------- од 04.03.2025 година при што било утврдено дека биле отстранети повредите на членот 4 став 9 и член 2 од Законот за наставници и стручни соработници, односно примен бил кандидат кој ги исполнува законските услови и кој е подносител на жалбата по која се работи овој предмет. Директорот во целост постапил по изрчената инспекциската мерка поради што инспекциската постапка била запрена.

Врз основа на сето погоре наведено, ДКСК констатира дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување од причина што за конкретниот случај е постапено од друг надлежен орган и бил извршен инспекциски надзор, а воедно по изречената инспекциска мерка од страна на предметното училиште било постапено во целост и биле отстранети констатираните неправилности.

Имајќи го предвид констатираното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Заменик претседател

м-р Цвета Ристовска

Изготвил: П.Б.,советник

Контролирал Ј.Ц, раководител на одделение

Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до

-подносителот на пријавата